Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: politika@novamakedonija.com.mk







Снимката на рисот е од скриена камера поставена да „лови“ подметнувачи на пожари

# Рисот – дух на западномакедонските планини

## „Џи-пи-ес“ на рис

Сегашното истражување ќе заврши за околу два месеца, но тоа нема да биде крај на обидите на Македонското еколошко друштво да нѐ научи што повеќе за нашите рисови. Нивниот следен проект е многу поамбициозен.

- Сакаме да почнеме уште еден тригодишен проект во кој ќе се обидеме да фатиме жив рис и да му прикачиме алка со уред за глобално позиционирање, односно „џи-пи-ес“. Со тоа ќе можеме постојано да го следиме, да знаеме каде се движи и што прави. Ако видиме дека некаде се задржува подолго, тоа значи дека нашол плодна почва, со доволно храна. Таквите истражувања многу ќе ни помогнат во напорите за неговата заштита - додаваат од МЕД.

**Три години да се истражува оваа исклучително ретка мачка и да се видат само траги од неа е сериозен доказ за нејзината малобројност и загрозеност. Се претпоставува дека во Македонија има триесетина рисови, специфични, балкански, кои, ако не им се овозможат поволни услови за живот, може засекогаш да исчезнат од лицето на планетата**

**Гоце Трпковски**

Присутен е на милиони петденарки што ѕвечкаат во нашите џебови, но само на неколку места во шумите во западна и во северозападна Македонија. Некои го нарекуваат национално животно бидејќи се смета за посебен, балкански подвид каков што нема во други краишта во светот. Но најголемиот број не знае ништо за него, освен дека е некаква мачка, можеби. Тој е како дух, постојано обвиткан со мистерија. Сите слушнале за него, а никој не го видел, но и сведочењата за евентуалните видувања секогаш се земаат со доза скепса. Да, станува збор за неговото шарско-мавровско-корапско височество - рисот.

## САМО ТРАГИ ЗА ТРИ ГОДИНИ

Македонското еколошко друштво од 2006 година спроведува проект, чија цел е да се спречи исчезнувањето на рисот, односно да се запре опаѓањето на бројот на единки. Нивната тригодишна активност, помогната од швајцарската организација „Кора", од „Еуронатур" од Германија и од Норвешкиот институт за заштита на природата, треба да заврши во септември годинава.

Колку рисови виделе теренците што учествуваат во проектот за 34 месеци лутање по планините? Нула! Поточно, нешто помалку од еден. Само траги во снегот на мавровскиот национален парк и остатоци од некоја животинка што на оваа ретка мачка ѝ послужила како храна.

- Тоа е сериозен доказ дека состојбата е повеќе од критична. Особено што рисот не е толку претпазливо и срамежливо животно. За разлика од волкот, кој е премногу внимателен кога ќе почувствува какво било човечко присуство, на рисот не му пречи и да се движи по патеки по кои обично одат луѓе. И пак, видувањата се премногу ретки. Во една анкета што ја направевме меѓу населението во местата околу кои обично живее, од 360 луѓе 150 не знаеја ништо за него. Ниту се крие, ниту се плаши, а го нема. Затоа е како дух. Бидејќи останаа премалку единки. Тоа е единствената причина - смета **Диме Меловски** од МЕД, кој е вклучен во проектот.

За него и за неговите соработници наоѓањето на трагите во снегот било возбудливо како, на пример, пронаоѓањето на Тутанкамоновиот гроб од Картер.

- Многу се израдувавме. Правевме калапи од гипс од трагите и собиравме други податоци. Се поделивме, едни се упатија во правецот во кој одеа трагите, а други од каде што доаѓаа. Цел ден останавме таму, заборавивме на сè друго - додава Меловски.

## НЕГОВАТА ЗАШТИТА НЕ Е ДОВОЛНА

Рисовите се територијални животни, од кои секој покрива растојание од околу сто километри. Самци се и оддалечени едни од други, што ги прави многу ранливи. Бидејќи се сметаат за ендемски вид, но и поради нивната реткост, забрането е да се ловат или да се убиваат. Според процените, во земјава има околу 30 риса. Тие се размножуваат еднаш годишно, а женките раѓаат по едно до три младенчиња, кои десет месеци живеат со мајките, а потоа си го фаќаат својот пат. Ова може да создаде лажен впечаток дека сите услови за зголемување на популацијата се исполнети и дека таа може дури да се удвои за неколку години. Но условите не го дозволуваат тоа.

- Со уништувањето на условите за живот на рисот, исто како да се уништува и самото животно, без да се допре. За да запре опаѓањето на бројот, треба целосно да се запре или многу строго да се контролира сечењето на шумите и ловењето на дивечот во неговите живеалишта. Нив им е потребен плен за да преживеат, зајаци, диви кози, срни, но и густа вегетација за да го уловат бидејќи не ја бркаат својата жртва, туку ја чекаат во заседа. Заштитата опфаќа многу повеќе активности од едноставното неловење - објаснува Меловски од МЕД.

Рисовите на Алпите исчезнале уште во 19 век, но биле повторно вратени, така што се донеле единки од Карпатите и се пуштиле да се размножуваат. Но Балканскиот рис е посебен подвид на Евроазискиот. Ако го загубиме, нема да можеме да го вратиме. Ќе можеме само да донесеме некој друг подвид.



Дали рисот наместо во шумите ќе остане само на милионите петденарки

## Успешна мавровска фотосесија

Речиси невозможно е да се забележи рис со голо око, иако, според истражувачите, за оваа мачка не е невообичаено да се движи по човечки патеки, дури и по асфалт. Затоа, пак, фотозамките што биле поставени на неколку локации во Националниот парк Маврово дале одлични резултати. Станува збор за фотоапарати наместени на неколку места еден наспроти друг, кои со помош на сензор се активираат секогаш кога ќе помине некое животно. На овој начин рисовите биле кадросани триесетина пати, а истражувачите од МЕД утврделе дека има седум до десет различни единки, кои ги препознавале според шарите на телото и според други карактеристики.